**Упатство за употреба: информации за корисникот**
**FUREXTIL \ФУРЕКСТИЛ**
**250 mg или 500 mg филм-обложени таблети**
cefuroxime

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството, бидејќи содржи важни информации за Вас.**
- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор, кај фармацевт или кај медицинска сестра.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако добиете некое несакано дејство, обратете се кај Вашиот доктор, кај фармацевт или кај медицинска сестра. Ова се однесува на сите можни несакани дејства коишто не се наведени во ова упатство. Видете го делот 4.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Фурекстил и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот Фурекстил
3. Како да се употребува Фурекстил
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Фурекстил
6. Содржина на пакувањето и други информации


## 1. Што претставува Фурекстил и за што се употребува

Лекот Фурекстил е антибиотик којшто се користи кај возрасни и кај деца. Дејствува така што ги уништува бактериите што предизвикуваат инфекции. Спаѓа во групата лекови наречени *цефалоспорински антибиотици.*

Фурекстил се користи за лекување на следните инфекции на :
• грлото;
• синусите;
• средното уво;
• белите дробови или градите
• уринарниот тракт;
• кожата и на меки ткива.

Фурекстил , исто така, може да се користи и за лекување Лајмска болест (инфекција предизвикана од паразити наречени крлежи).

Вашиот доктор ќе утврди која бактерија Ви ја предизвикува инфекцијата и ќе одреди дали бактериите се чувствителни на цефуроксим во текот на терапијата.

## 2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот Фурекстил

**Немојте да употребувате Фурекстил ако:**
- **сте алергични на цефуроксим, на некој друг лек од групата цефалоспорински антибиотици** или на некои други состојки на овој лек (наведени во делот 6);
- некогаш сте имале сериозна алергиска реакција (преосетливост) на некој друг бета-лактамски антибиотик (на пр., пеницилин, монобактами, карбапенеми).

→ Ако мислите дека нешто од наведеното се однесува на Вас, **не го земајте лекот** Фурекстил сè додека не проверите со Вашиот доктор.

**Предупредувања и мерки на претпазливост**
Обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт пред да го земете лекот Фурекстил .

**Деца**
**Фурекстил не се препорачува за деца на возраст под 3 месеци**, затоа што не е позната безбедноста и ефикасноста на лекот кај оваа возрасна група.

Додека го употребувате лекот Фурекстил , мора да внимавате на одредени симптоми, како што се алергиски реакции, габични инфекции (како што е *кандида*) и тежок облик на дијареја (*псевдомембранозен колитис*). Со ова ќе се намали ризикот од какви било проблеми. Видете го делот 4 – „Состојби коишто треба да ги следите".

**Испитувања на крвта**
Лекот Фурекстил може да влијае врз резултатите од тестовите за нивоата на шеќерот во крвта или на резултатите од *Кумбсовиот тест (Coombs test).* Ако треба да правите испитување на крвта:
→ **известете го лицето кое го зема примерокот** дека примате Фурекстил .

**Други лекови и Фурекстил**
Известете го Вашиот доктор или фармацевтот ако употребувате, ако неодамна сте употребувале или ако треба да употребувате други лекови.

Лековите што се користат за **намалување на киселината во желудникот** (на пр. *антациди* – се користат за лекување жиговина) може да влијаат врз дејството на лекот Фурекстил .
Пробенецид
Перорални антикоагуланси
→ **Известете го Вашиот доктор или фармацевтот** ако земате други лекови како што е лекот Фурекстил .

**Плодност, бременост и доење**
Ако сте бремена, ако мислите дека сте бремена или планирате да забремените, или ако доите, побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред да го земете овој лек.

**Влијание врз способноста за возење автомобил и за ракување со машини**
Лекот Фурекстил **може да предизвика вртоглавици** и други несакани ефекти коишто влијаат на вниманието.
→ **Не возете и не ракувајте со машини** ако не се чувствувате добро.

**Важни информации за некои помошни супстанции на лекот Фурекстил**

**Лекот Фурекстил содржи натриум бензоат и натриум.**
- **Таблетите Фурекстил од 250 mg** содржат 0,0135 mg натриум бензоат во секоја таблета.
- **Таблетите Фурекстил од 500 mg** содржат 0,027 mg натриум бензоат во секоја таблета.

Овој лек содржи помалку од 1 mmol (23 mg) натриум во една таблета, поради што може да се каже дека е без натриум.

→ **Проверете со Вашиот доктор** дали може да го употребувате лекот Фурекстил .

## 3. Како да се употребува Фурекстил

Секогаш земајте го овој лек точно онака како што Ви кажал Вашиот доктор или фармацевтот. Ако не сте сигурни како треба да го употребувате лекот, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.

**Лекот Фурекстил треба да се зема по оброк.** Тоа ќе помогне за подобрување на ефикасноста на терапијата.

Проголтајте ги таблетите цели, со малку вода.
**Не ги цвакајте, не ги кршете и не ги делете таблетите –** тоа може да ја направи терапијата помалку ефикасна.

**Препорачана доза**

**Возрасни**
Препорачана доза Фурекстил е од 250 mg до 500 mg двапати на ден, во зависност од сериозноста и од видот на инфекцијата.

**Деца**
Препорачана доза Фурекстил е од 10 mg/kg (најмногу 125 mg) до 15 mg/kg (најмногу 250 mg) двапати на ден, во зависност од сериозноста и од видот на инфекцијата.

**Лекот Фурекстил не се препорачува за деца под 3 месеци**, затоа што не е позната безбедноста и ефикасноста на лекот кај оваа возрасна група.

Во зависност од болеста или од тоа како Вие или Вашето дете реагирате на терапијата, почетната доза може да се промени или може да биде потребен повеќе од еден циклус на терапија.

**Пациенти со проблеми со бубрезите**
Ако имате проблеми со бубрезите, Вашиот доктор може да Ви ја промени дозата.
→ **Консултирајте се со Вашиот доктор,** ако тоа се однесува на Вас.

**Ако сте зеле поголема доза Фурекстил отколку што треба**
Ако земете поголема доза Фурекстил , отколку што треба, може да Ви се појават невролошки нарушувања, особено може да **имате напади (конвулзии)**.

→ **Не одложувајте. Веднаш контактирајте со Вашиот доктор или со службата за итна медицинска помош што е најблиску до Вас.** Ако е можно, покажете им го пакувањето на лекот Фурекстил **.**

**Ако сте заборавиле да го земете лекот Фурекстил**
**Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.**
Земете ја наредната доза во вообичаениот термин.

**Ако престанете да го земате лекот Фурекстил**

Не го прекинувајте лекувањето без да се консултирате со Вашиот доктор.
**Важно е да се земе целосната терапија.** Не го прекинувајте лекувањето, освен ако така не Ве посоветувал Вашиот доктор, дури и ако се чувствувате подобро. Ако не ја завршите целосно терапијата, инфекцијата може да се повтори.

Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, прашајте го Вашиот доктор или фармацевтот.

**4. Можни несакани дејства**
Како и сите лекови и овој лек може да предизвика несакани дејства, коишто не се појавуваат кај сите пациенти.

**Состојби коишто треба да ги земете предвид**
Мал број луѓе кои го употребуваат лекот Фурекстил добиваат алергиска реакција или потенцијално сериозни кожни реакции со следните симптоми:
• **тешка алергиска реакција: појава на испупчен исип по кожата што чеша, појава на отоци,** во некои случаи на лицето или на устата – **што може да предизвика тешкотии при дишењето;**
• **исип по кожата** којшто може да е придружен со **меури** што наликуваат **на мали мети** (централен темен дел опкружен со побледа површина којашто периферно има темен раб);
• **широко распространет исип** со **меури и со лупење на кожата** – знаци на *Стивенс-Џонсонов* синдром или на *токсична епидермална некролиза).*

**При лекувањето со Фурекстил се појавиле и следните несакани дејства**:
• **габични инфекции**. Лековите како што е лекот Фурекстил може да доведат до прекумерен раст на габички (*кандида*) во телото, со појава на габични инфекции (како бел слој). Ова несакано дејство се појавува при долготрајна употреба на лекот Фурекстил .
• **сериозна дијареја (*псевдомембранозен колитис*)**. Лековите како што е лекот Фурекстил може да предизвикаат воспаление на дебелото црево со појава на симптоми како што се тешка дијареја, често со примеси на крв и на слуз, болка во стомакот, треска.
• **Jarisch-Herxheimer-ова реакција**. Кај некои пациенти кои го примаат лекот Фурекстил за лекување Лајмска болест може да се појави висока телесна температура (треска), чувство на студ, главоболка, болка во мускулите и исип по кожата. Оваа состојба е позната како *Jarisch-Herxheimer-ова реакција.* Симптомите најчесто траат од неколку часа до еден ден.

→ **Ако забележите некои од наведените симптоми, веднаш обратете се кај Вашиот доктор или кај медицинска сестра.**

**Чести несакани дејства** (се појавуваат кај 1 од 10 пациенти):

• габични инфекции (како што е *кандида*);
• главоболка;
• вртоглавица;
• дијареја;
• чувство на гадење;
• болка во стомакот.

Чести несакани дејства коишто може да се појават при тестови на крвта:

• зголемен број на одреден тип бели крвни клетки (*еозионифилија)*;
• пораст на ензимите на црниот дроб.

**Помалку чести несакани ефекти** (се појавуваат кај 1 од 100 пациенти):

• гадење;
• исип по кожата.

Помалку чести несакани дејства коишто може да се појават при тестови на крвта:

• намален број тромбоцити (крвни клетки коишто учествуваат во згрутчувањето на крвта);
• намален број бели крвни клетки;
• позитивен Coomb-ов тест.

**Други несакани дејства**

Други несакани дејства коишто се појавуваат кај мал број пациенти, но нивната точна зачестеност е непозната, се:

• сериозен облик на дијареја (*псевдомембранозен колитис*);
• алергиски реакции;
• реакции по кожата (коишто може да бидат сериозни);
• висока температура (*треска*);
• пожолтување на белките на очите или на кожата;
• воспаление на црниот дроб (*хепатитис*).

Несакани дејства коишто може да се појават при тестови на крвта:
• пребрзо уништување на црвените крвни клетки (*хемолитичка анемија)*.

**Пријавување на несаканите дејства**
Несаканите реакции од лековите можете да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1) или електронски, преку веб-страницата на Агенцијата, на http://malmed.gov.mk/.

## 5. Како да се чува Фурекстил

**Лекот треба да се чува надвор од дофат на деца!**
Лекот треба да се чува на температура под 25 °C.
Лекот не го чувајте во фрижидер или во замрзнувач.
Не го употребувајте лекот по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите коишто повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината

## 6. Содржина на пакувањето и други информации

**Што содржи Фурекстил**
Активна супстанција: цефуроксим.
Една таблета содржи 250 mg или 500 mg цефуроксим (во форма на цефуроксим аксетил).
Помошни супстанции:
*Таблетно јадро:*

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

Лимонска киселина, безводна; натриум хидроген карбонат; кросповидон; кроскармелоза натриум; натриум лаурилсулфат; колоиден силициум диоксид, безводен; талк; целулоза, микрокристална.
*Филм-обвивка Opadry white бел, 03H580000 содржи:*
Хипромелоза; титан диоксид (E171), пропилен гликол и натриум бензоат (E211).

**Изглед на лекот Фурекстил и содржина на пакувањето**
*Фурекстил 250 mg филм-обложени таблети*
Бели до белузлави, биконвексни, филм обложени таблети, во облик на капсула, со накосен раб и со втиснато „А 05" на едната страна, а рамни на другата.

*Фурекстил 500 mg филм-обложени таблети*
Бели до белузлави, биконвексни, филм обложени таблети, во облик на капсула и со втиснато „А 07" на едната страна, а рамни на другата.

Таблетите се спакувани во Alu/Alu блистер, секој содржи 10 таблети.
Кутијата содржи 10 таблети (1 блистер) и упатство за корисникот.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Број и датум на решението за промет**

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД Скопје
Бул. Александар Македонски 12
1 000 Скопје, Република Северна Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
факс: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Јули 2021 г.